Врз основа на член 79-а, став 2 од Законот за  игрите на среќа и за забавните игри (“Сл.весник на РМ”, број 10/97, 54/97, 13/2001 и 2/2002 година), министерот за финансии, донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на плаќање на посебната давачка

(“Сл.весник на РМ” број 16/2002)

### Член 1

Со овој Правилник се уредува  начинот на плаќање на посебната давачка.

### Член 2

Приредувачите на играта на среќа лото, спортска прогноза, лотарија, томбола, ТВ томбола, обложување на спортски натпревари, обложување на спортски натпревари преку интернет и  интерактивните игри на среќа посебната давачка ја плаќаат во рок од 15 дена од денот на завршувањето на колото на играта на среќа, а приредувачите на играта на среќа инстант лотарија посебната давачка ја плаќаат на секој петнаесетти ден во месецот.

Приредувачите на наградни игри посебната давачка ја плаќаат наредниот ден од денот на доставувањето на решението со кое се одобрува приредување на наградни игри.

### Член 3

Средствата се уплатуваат на жиро сметка број 840-6366 - посебни давачки за игри на среќа и приходно конто број 724135.

### Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”

Бр.09-4688/1 Министер за финансии
19 февруари 2002 година Никола Груевски, с.р.
Скопје